# ВОДИЧ
# ЗА РАЗВОЈ НА МЕНТОРСКА ПРОГРАМА
# ЗА ПРИСТАП НА ЖЕНИТЕ ДО ПРАВДА
# ЗА ПРАВНИЧКИ




Кофинансиран од
Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и
имплементиран од
Советот на Европа

Кофинансиран од
Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и
имплементиран од
Советот на Европа

# ВОДИЧ
# ЗА РАЗВОЈ НА МЕНТОРСКА ПРОГРАМА ЗА ПРИСТАП НА ЖЕНИТЕ ДО ПРАВДА ЗА ПРАВНИЧКИ

Подготвиле
**Зора Чалаговиц и Елизабет Дубан**

Септември 2023

Наслов на оригиналното издание:
“GUIDE FOR DEVELOPING A MENTORING PROGRAMME ON WOMEN'S ACCESS TO JUSTICE FOR LEGAL PROFESSIONALS”

Овој документ е подготвен во рамките на програмата Партнерство за добро владеење (ПДВ) и е преведен во рамките на програмата Хоризонтален инструмент III, со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа. Одговорноста за неговата содржина е единствено на авторот(ите). Ставовите изразени овде во никој случај не го одразуваат официјалното мислење на Европската Унија или Советот на Европа.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, 2023“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставаат до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int). Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на: Co-operation Unit Gender Equality Division, Avenue de l'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00, E-mail: Horizontal.Facility@coe.int©

Насловната слика се користи со овластување од Шатерсток Премиер (Shutterstock Premier).

Совет на Европа, 2023. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........ 5

**ЦЕЛИ** ........ 6

**ПРОЦЕС И МЕТОДОЛОГИЈА** ........ 7

Започнување на менторскиот процес чекор по чекор ........ 7

**ПРИМЕРОК СОДРЖИНИ ЗА МЕНТОРСКАТА ПРОГРАМА** ........ 11

Сесија 1: Вовед: запознавање и поставување цели ........ 16

Сесија 2: Каква врска има „женскиот пристап до правдата“ со мене? ........ 18

Сесија 3: „Правдата е слепа“ не значи „родово слепа“! ........ 21

Сесија 4: Истражување на бариерите за правда за жените ........ 24

Сесија 5: Пристап до правда во случаи на насилство врз жените ........ 28

Сесија 6: Примена на меѓународното право за правата на жените во домашните судови ........ 32

Сесија 7: Работа со судска пракса ........ 34

Сесија 8: Што може да се направи за да се елиминираат родовите стереотипи во судските процеси?........ 38

Сесија 9: Користење на родово сензитивни практики во реалниот живот ........ 41

Сесија 10: Процена, следни чекори и затворање ........ 43

**ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ ЗА ПОДГОТОВКА НА МЕНТОРСКИ СЕСИИ** ........ 44

**АНЕКСИ** ........ 47

(1) Образец за извештај за менторска сесија (за ментори) ........ 48

(2) Образец за финална евалуација за менторство (за менторирани) ........ 50

(3) Образец за конечен извештај за менторство (за ментори) ........ 53

# ВОВЕД

Загарантиран еднаков пристап на жените до правдата е основен приоритет за Советот на Европа со цел да се обезбеди родова еднаквост во сите земји-членки. Една од шесте стратешки фокусни области за работата на Советот на Европа во периодот од 2018-2023 година се однесува на фактот дека „постојаните економски и социјални нееднаквости меѓу жените и мажите, родовата пристрасност и родовите стереотипи резултираат со нееднаков пристап на жените и мажите до правдата“[1]. За таа цел, Советот на Европа поддржа голем број студии за бариерите кон правдата со кои жените често се среќаваат и свика неколку експертски конференции.

Во рамките на конкретни проекти за пристап на жените до правдата во шесте земји од Источното партнерство (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Република Молдавија и Украина), Советот на Европа го насочи своето внимание на развивање алатки за правните работници со цел да ги зајакнат компетенциите и да ги подобрат правосудните системи во кои работат. Клучните ресурси подготвени во рамките на овој проект досега се:

- *Прирачник за обука за судии и обвинители за обезбедување пристап на жените до правдата* (2017)[2]
- Онлајн курс за пристап на жените до правда во рамките на платформата HELP[3] [Образование за човекови права за правнички].
- Државни студии за правни бариери, правни лекови и добри практики за пристап на жените до правдата: Ерменија, Азербејџан, Грузија, Република Молдавија, Украина (2017)
- Информативен лист за пристапот на жените до правдата – *Пристапот на жените до правдата: Водич за правнички* (2018)[4]

Овој водич го претставува следниот чекор во проектот „*Женски пристап до правдата*“. **Водичот е алатка која го поддржува развојот на менторска програма** на тема еднаков пристап на жените до правда. Програмата за менторство е дизајнирана да го подобри континуираното учење на правните работници во правосудниот сектор, особено на судиите и обвинителите.

1. Совет на ЕвропаСтратегија за родова еднаквостза 2018-2023 г.
2. https://www.coe.int/en/web/genderequality/equal-access-of-women-to-justice#{“14965347”:[0]}
3. http://help.elearning.ext.coe.int
4. https://rm.coe.int/factsheet-womens-access-to-justice/16808ff44e

# ЦЕЛИ

Програмата за менторство има за цел да го премости јазот помеѓу материјалот што е претставен во прирачникот за обука и онлајн курсот HELP и видовите активности што обвинителите и судиите можат да ги преземат во својата работа. Зземајќи поинаков пристап од оној што се користи во традиционалната настава, учебници или прирачници, методологијата за менторство има за цел да воспостави врска помеѓу теориите за пристап до правдата, меѓународното право за човекови права и секојдневната практика на правните работници, со особено внимание на одредени области каде најчесто се среќаваат тешкотии. Менторството го ангажира „студентот“ (менторираниот) да го насочи процесот на приспособување така што е многу релевантен за нејзиното/неговото работно искуство.

Користејќи го овој Водич, менторскиот процес ќе им овозможи на менторираните да се фокусираат на три аспекти за подобрување на пристапот на жените до правдата:

- поврзување на апстрактните концепти со нивната секојдневна работа;
- повикување на меѓународното право во домашни случаи;
- идентификување и реагирање на родовите стереотипи и родова пристрасност во правната пракса.

Размислувајќи за тоа како родово одговорната правда може да функционира во сопствената пракса на менторираните, тие:

- развиваат нови вредности, особено родово сензитивни погледи за пристапот до правдата;
- ќе станат амбасадори за поголема достапност на правната практика до жените;
- ќе помогнат да се зајакнат компетенциите на другите правници за да се обезбеди еднаков пристап до правдата за жените и мажите (или преку понатамошно менторство - неформално или формално - или како примери во нивните професии).

# ПРОЦЕС И МЕТОДОЛОГИЈА

## Што е менторство? Кој е ментор?

Менторство е концепто што се разбира и толкува на повеќе начини во различни сектори во образованието. Овие разлики најмногу се манифестираат во *квалитетот на врската* меѓу менторот и менторираниот(ите), *користената методологија* и општиот *очекуван исход* од процесот на учење. Сепак, прифатено е дека суштината на менторството е **поддршка на луѓето да учат и да се развиваат поефективно отколку што сами би сакале.**

Во овој проект за пристап на жените до правда, менторството се дефинира како форма на поддржувачка комуникација помеѓу менторот и друг правен работник, олеснувајќи ја рефлексијата и проширувајќи ја свеста за родово сензитивниот пристап во правосудниот сектор. Според тоа, менторот треба да може да ја види врската помеѓу предметната материја и практичните импликации на овие теории во секојдневната работа на менторираниот. Треба да можат да слушаат и да поставуваат прашања како поддршка на менторираниот во идентификувањето на текот на активностите што би можеле да ги преземат за да ја развијат работата и пристапот во однос на родовата чувствителност.

Друг важен аспект на процесот е дека менторот е надворешно лице; менторот не е директно вклучен во секојдневната работа на менторираниот, но е одговорен да ги поддржува и охрабрува менторираните да работат кон остварување на нивните индивидуални цели. Менторот е придружник на патување за учење.

Менторството е моќна алатка затоа што:

- Создава простор за дијалог и размислување;
- Ги става луѓето во центарот;
- Промовира еднакво партнерство во процесот на учење;
- Олеснува висококвалитетна професионална размена на искуства на темата поради истиот секторски пристап;
- Овозможува флексибилност во прилагодувањето на потребите на менторираниот,
- Индивидуално е - секоја врска е единствена за двата вклучени поединци;
- Комплементарно е со другите мерки за учење.

## Како се менторира

Потребни вештини и искуства за ментор:

- Секторско знаење – менторот треба да биде запознаен со процесите и контекстот во правосудниот сектор во регионот/неговата земја;
- Кредибилитет – менторот треба да има личен и професионален кредибилитет. Ова главно се однесува на лична поврзаност и професионални искуства во областа на правдата;
- Способност за создавање безбеден простор и поттик – менторот треба да биде способен да создаде работна средина каде што е безбедно за поединците да размислуваат за сопствените предрасуди и да се чувствуваат овластени да дојдат до нови идеи за нивната работа;
- Самосвест – менторот треба добро да ги разбира сопствените сили и развојните потреби за да може да ги поддржува другите во нивното учење;
- Пристапност – менторот треба да има желба и можност да им посвети доволно време на менторираните за да понуди поддршка и насоки;
- Комуникација – менторот треба да има добри вештини за комуникација и слушање и да може да ги разбере идеите и чувствата на другите;
- Отвореност и емпатија – менторот треба да биде отворен за нови начини на извршување на работите и различни начини на работа и да може да сочувствува со менторираните.

**Разликата помеѓу учителот и менторот**




| | Учител | Ментор |
|---|---|---|
| **Поединец/група** | Комуникација со група студенти | Најмногу 1 на 1, понекогаш со мала група на луѓе |
| **Признание** | Оцени, диплома | Без оцени, сертификат |
| **Мотивација** | Задолжително/доброволно присуство | Самомотивирано учество |
| **Учење** | Пренесување на знаење и информации преку упатства и објаснувања | Информации надополнети со учење од искуство и размислување; споделување меѓу двајцата бидејќи менторите се стремат да им помогнат на нивните менторирани да растат како колеги |
| **Фокус** | Фокусот е ставен на разбирање што да се прави и како да се прави за да се постигнат зацртаните цели. | Фокусот повеќе е ставен на примена на стекнатото знаење. Не само како да се прави нешто, туку и зошто е корисно така да се направи |
| **Динамика на ученик-наставник/ментор** | Претходно воспоставена хиерархија | Еднакво партнерство меѓу менторот и менторираниот |
| **Содржина** | Стандардизирана содржина | Содржина составена според потребите на менторираниот |
| **Процена** | Надворешна процена, испит | Само-процена |

## Процес на менторирање

Во рамките на овој проект, подготвен е примерок на менторски процес со конкретни чекори и насоки. Сепак, важно е да се има предвид флексибилноста на процесот и неопходното прилагодување кон потребите на менторираните. Чекорите служат како насоки и препораки, појдовни точки кои треба да се користат според контекстот и можностите.

Следните фази за основа за процесот на менторирање:



## Поставување на цели за менторираниот

Целите на менторскиот процес треба да бидат конкретни и реални, јасно договорени на почетокот на процесот.

Пример за цел може да биде: За време на менторскиот процес, менторираниот треба да научи да ги препознава врските помеѓу неговата/нејзината секојдневна работа на случаи и стандардите на Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција)..

## Временска рамка (приближно осум месеци)

Процесот на менторство е подготвен да трае приближно **осум месеци** за да се обезбеди максимално учење. Менторските состаноци треба да се закажуваат најмалку еднаш месечно за да се одржува непрекината крива на учење. Предложените сесии може да се преуредат и/или повторно да се прегледаат ако е потребно. За некои теми можеби е потребно повеќе време од една менторска сесија.

### *Започнување на чекор-по-чекор менторски процес*

#### 1. Разбирање, управување со очекувањата и воспоставување заедничка основа

Кога за прв пат ќе се сретнете со вашиот менториран, направете да му биде удобно со објаснување на вашата улога и целта на Програмата за менторство.

Одговорете на сите прашања што ги имаат во врска со процесот на менторство.

Објаснете што очекувате од нив (на пр. да дојдат подготвени со случаи/идеи/ проблеми за решавање или прашања за дискусија; редовно да се состанувате, итн.).

Објаснете што сте подготвени да направите и обезбедете им: консултации, материјали за учење, дискусии, примери на случаи.

#### 2. Неформална проценка на потребите и заедничко поставување цели

Прашајте го менторираниот кои се неговите приоритети при средбата со вас. За кои аспекти на родовата чувствителност/пристапот на жените до правдата најмногу сакаат да знаат? Во кои области се надеваат дека ќе се подобрат? Формулирајте 1-3 специфични цели за учење врз основа на нивните потреби и темата на Програмата за менторство.

#### 3. Поставување на распоред на состаноци

Колку често ќе се среќавате со менторираниот? Ќе има ли групни менторски сесии или само индивидуални? Како ќе контактирате во врска со состаноците (телефон, е-пошта?), кој канал најмногу Ви одговара на двајцата?

#### 4. Прво внимателно слушање, потоа прашување и советување. Не го упатувајте менторираниот(ите) што да прави(ат).

Имате секакви искуства и акумулирано знаење. Сепак, менторираниот не е празна кутија каде што ја ставате Вашата експертиза - Вашата цел е повеќе да ги натерате сами да ги реализираат своите клучни точки за учење наместо да ја покажете Вашата сопствена брилијантност и знаење.

Би било лесно само да им се каже што да прават, но така нема да искусат како е да ги премислуваат предизвиците за да дојдат до сопствени решенија.

Фокусирајте се на она што менторираниот има да каже пред да го дадете вашето мислење. Распрашајте се за нивниот став. Така ќе добиете увид и перспективи од кои исто така може да научите.

#### 5. Проверување на сопствените предрасуди

Обидете се да не дозволите стереотипите да ги искриват Вашите впечатоци. Не заборавајте дека сите сме пристрасни. Одвреме-навреме проверувајте ги вашите сопствени впечатоци.

### 6. Без паника при непознат одговор

Менторите не се компјутери или енциклопедии кои ги имаат сите одговори на одредена тема. Запомнете, ова е добра работа, а не знак за Вашата несоодветност. Побарајте поддршка од Вашите колеги кога е потребно. Претворете ја Вашата несигурност во врска со одговорот во можност за учење (и менторство).

### 7. Покажување поддршка и посветеност

Замислете се себеси како инструктор за возење: Седите покрај патникот, овозможувајќи му на менторираниот целосна контрола врз патувањето. Сепак, сè уште сте тука за да понудите совети и насоки или да ја повлечете сопирачката за итни случаи доколку е потребно.

## Поддршка за ментори

Менторите, исто така, може да почувствуваат потреба за поддршка во нивната улога; може да се соочат или да се справуваат со ситуација со менторираните кога не се сигурни како да пристапат кон неа. Овој Водич нуди методолошка поддршка на менторите (содржани во описите на сесиите како совети и предлози) како и број на ресурси за дополнително читање или проучување, наведени низ Водичот. Менторите исто така може да добијат поддршка од колеги и соработници, а менторите се охрабруваат да се поддржуваат еден со друг.

# ПРИМЕР ЗА СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЕНТОРСТВО

Материјалот во овој дел се состои од десет посебни теми, или „сесии“, подготвени да се користат за оваа програма за менторирање која трае осум месеци. Сесиите се претставени по редослед што приближно ги следи поглавјата од *Прирачникот за обука за судии и обвинители за обезбедување пристап на жените до правдата* и модулите на онлајн курсот HELP за пристап на жените до правда. Сепак, освен првата и последната сесија, сите сесии се наменети да бидат прилагодливи, така што менторот има флексибилност да одлучи по кој редослед да работи низ сесиите. Дадени се неколку предлози за различни начини на кои може да се користи секоја сесија, но многу се поттикнува креативност и приспособливост!

Поттикнувањето на обучуваниот или менторираниот да ги идентификуваат потенцијалните бариери за правдата за жените во нивните правни системи и да размислуваат поинаку за тоа како може да функционира правосудниот систем е многу важен дел од менторскиот процес. И прирачникот за обука и курсот HELP содржат отворени прашања подготвени да поттикнат дискусија. Програмата за менторство обезбедува уште повеќе можности за водено учење во кое менторираниот може подлабоко да ги истражува овие прашања и да размислува за сопствените практики и претпоставки. Ова значи дека менторот треба да размислува за содржината претставена овде како предлози што може да се прилагодат и искористат за најдобро да се исполнат целите за учење развиени од секој пар ментор-менториран.

## Менторски сесии

Сесијата 1 е воведна и може да се комбинира со друга сесија на суштинска тема, како што е сесија 2. Сесијата 10 е конечна завршница и евалуација, и се препорачува да се посвети време само на оваа сесија по завршувањето на Менторската програма. Суштинските сесии, 2-9, се однесуваат на различни теми кои се вметнати во прирачникот за обука и курсот HELP за пристапот на жените до правдата. Списокот на сесии е следниот:

1. Вовед: запознавање и поставување цели
2. Каква врска има „женскиот пристап до правдата“ со мене?
3. „Правдата е слепа“ не значи „родово слепа“!
4. Истражување на бариерите за правда за жените
5. Пристап до правда во случаи на насилство врз жените
6. Примена на меѓународното право за правата на жените во домашните судови
7. Работа со судска пракса
8. Што може да се направи за да се елиминираат родовите стереотипи во судските процеси?
9. Користење на родово сензитивни практики во реалниот живот
10. Затворање, евалуација и следни чекори

## Развивање на менторска програма и прилагодување на материјалот

целите за секоја сесија и главните опфатени теми. Максималниот број на сесии е обезбеден за покривање на осуммесечна програма, но можно е да се посвети повеќе време на едни сесии за разлика од други. Во зависност од интересите и потребите што ги идентификува секој менториран, менторот можеби ќе сака да избере само делови од неколку сесии и да ги комбинира на различни начини. Слично на тоа, некои теми може да се прошират на повеќе од една сесија - што значи дека не сите осум суштински сесии може да се користат во осуммесечна програма. Сепак, целосната Програма за менторство треба да вклучува сесии кои го покриваат секое од различните нивоа, како што е прикажано во клучот за сесиите подолу во текстот (воведно, средно и напредно ниво).

| | |
|---|---|
| | Сесии ориентирани кон процесот |
| | Воведна: менторираните се запознаваат со клучните концепти |
| | Средна: менторираните работат со концептите што ги научиле во различни контексти |
| | Напредна: менторираните го применуваат она што го научиле на сопственото искуство и пракса |

| Сесија | Главни обработени теми | Цели |
|---|---|---|
| (1) Вовед | Менторство<br>Потреби и очекувања<br>Цели<br>Процес | ▶ Запознавање меѓу менторот и менторираните;<br>▶ Истражување на потребите за учење и полињата на интереси на менторираниот;<br>▶ Поставување конкретни цели за менторскиот процес |
| (2) Каква врска има „женскиот пристап до правдата“ со мене? | Преглед на податоци за случаи за да се испита како/зошто жените му се обраќаат на правниот систем<br><br>Преглед на податоци и информации за застапеноста на жените меѓу професионалците | ▶ Вовед во темата пристап на жените до правда преку податоци/статистички податоци<br>▶ Менторираните ги идентификуваат родовите разлики и размислуваат зошто жените се соочуваат со бариери за пристап до правдата<br>▶ Покажување на релевантноста на темата за сопствената работа и земјата на менторираниот |
| (3) „Правдата е слепа“ не значи „родово слепа“! | Непристрасност наспроти родова чувствителност и како овие два концепта коегзистираат во правните системи<br><br>Учење за родово чувствителна перспектива („родови очила“) | ▶ Менторираниот е запознаен со концептот на родово чувствителна правда<br>▶ Менторираниот учи кога е неопходен родово сензитивен пристап во законот/правната практика за да се постигне суштинска еднаквост<br>▶ Менторираните практики користат „родови очила“ за преглед на хипотетички случаи/студии на случај |
| (4) Истражување на бариерите за правда за жените | Идентификување на специфични видови бариери за правдата за жените<br><br>Размислување за тоа какви активности да се преземат за да се ублажат или елиминираат бариерите | ▶ Идентификување на заедничките бариери за правдата и разликување на оние кои имаат особено влијание врз жените<br>▶ Разбирање на тоа како различни бариери се вкрстуваат и можат да бидат сложени<br>▶ Менторираниот критички размислува за својата лична улога во справувањето со бариерите |
| (5) Пристап до правда во случаи на насилство врз жените | Идентификување на бариери за правдата специфични за случаите на насилство врз жените со помош на вежбата „синџир на правда“<br><br>Прегледајте ги стандардите/обврските содржани во Истанбулската конвенција | ▶ Идентификување на критичните бариери за правдата за жените во кривичните процеси поврзани со VAW (конкретно, семејно насилство).<br>▶ Менторираните се запознаваат со стандардите на Истанбулската конвенција преку практиката применувајќи ги во студија на случај<br>▶ Зголемете го разбирањето на менторираниот за важноста на решавањето на бариерите низ целиот синџир на правдата |

| | | |
|---|---|---|
| (6) Примена на меѓународното право за правата на жените во домашните судови | Примена на меѓународните правни стандарди во национален контекст (тврдо и меко право) | ▸ Менторираниот ја учи постапката за цитирање на меѓународното право во домашен контекст<br>▸ Менторираните ги разгледуваат меѓународните правни стандарди кои би биле најприменливи во случаите што се однесуваат на прекршување на правата на жените |
| (7) Работа со судска пракса | Работа со случаи за да се испита како примената на различни извори на правото може да доведе до различни исходи<br>Практикување на примена на меѓународни стандарди во случаи кои се однесуваат на (А) полова/родова дискриминација и (Б) насилство врз жените | ▸ Менторираните стекнуваат пракса со примена на националното право и меѓународното право на случаи кои беа разгледани од Комитетот за елиминација на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ Комитетот)<br>▸ Менторираниот стекнува разбирање за тоа како меѓународното право ги покрива празнините во националното законодавство преку разгледување на алтернативни сценарија |
| (8) Што може да се направи за да се елиминираат родовите стереотипи во судските процеси? | Родови стереотипи и родова пристрасност во случаите на насилство врз жените<br><br>Негативното влијание на родовите стереотипи во однос на пристапот на жените до правдата | ▸ Менторираните ги идентификуваат родовите стереотипи, пристрасност и заблуди во врска со насилството врз жените од реални случаи<br>▸ Препознавање на штетата што ја предизвикува стереотипизацијата во однос на недостигот на пристап до правдата<br>▸ Менторираниот ги зема предвид потенцијалните одговори доколку наиде на таков стереотип |
| (9) Користење на родово сензитивни практики во реалниот живот | Спроведување „ревизија“ на сопствената работа и професионални практики за да се идентификуваат сите бариери за правдата за жените | ▸ Менторираниот критички гледа на сопственото работно место и практиките од перспектива на жена корисник на правдата<br>▸ Идентификување на потенцијални бариери за правдата<br>▸ Менторираниот разгледува конкретни начини за ублажување на бариерите што може да ги преземе и каква поддршка/ресурси би им требале |
| (10) Затворање, евалуација и следни чекори | Користете го формуларот за финална евалуација за менторство (за менторирани)<br><br>и Формуларот за финален извештај за менторство (за ментори), Анекси 2 и 3. | ▸ Разгледување на менторскиот процес и поентите за учење, што менторираниот ги научил;<br>▸ Давање повратна информација на менторот/менторираниот;<br>▸ Оценување на менторскиот процес од аспект на содржината и методологијата;<br>▸ Дефинирање на евентуални следни чекори за учење и развој |

Описите на сесиите се напишани на генерички начин, и затоа менторот ќе треба да размисли како содржината да ја направи релевантна за менторираните. Секоја сесија вклучува совети за тоа како сесијата може да се прилагоди на различни менторски ситуации. Неколку општи совети за приспособување на материјалот што менторот исто така може да го користи при подготовката се::

- Користете податоци и статистики за националната состојба. Корисно е да се соберат однапред или да се идентификуваат изворите на таквите информации.

- Наведете примери од националниот контекст; ова би требало да содржи прегледување на истражувања и студии или следење на прашањата за пристапот до правдата кои можеби биле покриени од медиумите (на пример, „контроверзни“ случаи кои биле во вестите).
- Кога примери од судската пракса се дадени на одредена сесија, заменете ги со националните случаи. Тука ќе треба да се наоѓаат случаи кои покриваат прашања за правата на жените и вклучуваат точки за учење или теми кои можат да генерираат дискусија со менторираниот.
- Проверете дали Европскиот суд за човекови права или Комитетот CEDAW слушнале случаи од вашата земја во врска со кршење на правата на жените. Овие пресуди/одлуки може да бидат корисни како материјал за читање во позадина или за дискусии со менторираните
- Развијте хипотетички студии на случај за да поттикнете дискусија за специфичните аспекти на пристапот на жените до правдата (како што се одредени бариери, различни одговори на правните професионалци итн.)
- Користете видеа за да започнете дискусија за родовата еднаквост, правата на жените или пристапот на жените до правда. Различни агенции имаат направено кратки видео клипови со едноставни пораки за овие теми за општата публика. Менторираните би можеле да проценат дали тие се корисни/некорисни за подигање на свеста на темата за пристапот на жените до правдата.

Имајте предвид дека изворите за некои од овие дополнителни ресурси се обезбедени по описите на сесиите во овој Водич..

Материјалот презентиран овде ја одразува менторската програма што треба да се спроведува или со обвинители или со судии. На менторите може да им биде корисно со менторираниот да ги истражуваат специфичните области на интерес за време на сесија 1, но менторите можеби ќе сакаат да планираат и како да го приспособат материјалот за различните компетенции на секоја професионална група. Онаму каде што е можно, во описите на сесиите се истакнати различните пристапи за праксата на кривичното и граѓанското право. Кога планирате менторство на обвинители или судии во конкретен контекст на земја, размислете за видовите теми поврзани со пристапот на жените до правдата кои би можеле да бидат особено релевантни или интересни за менторираните, како што се: насилство врз жените (кривично право и кривична постапка, како и праксата на судии и обвинители), полова или родова дискриминација или семејно право (брак, развод, имотни права)..

Менторството бара поинакво ангажирање со менторираните отколку со студентите, и може да биде предизвик да се размислува за начини за поттикнување на интерактивно и искуствено учење. Некои менторирани може да се посветат на одредени вежби и методологии повеќе отколку на други. Подолу се дадени неколку идеи за поттикнување дополнителни идеи за тоа како да се ангажираат менторираните. Ова се „вежби за широко размислување“ што менторираните би можеле да ги прават, дополнително или наместо, која било од вежбите во описот на сесијата.

- Менторираниот спроведува неформално интервју со судија (од друг суд, град) или обвинител (од друг оддел, град) за да дознае како тие гледаат на темата за пристапот на жените до правдата, што сметаат дека се бариери за правдата за жените и нивното разбирање на правата на жените во нивната пракса.
- Менторираниот пишува воведна статија за пошироката јавност за актуелно правно прашање што се однесува на правата на жените (се разбира, во согласност со професионалните етички стандарди, а не коментирајќи конкретни или нерешени случаи).
- Замислете дека менторираниот работи во земја во која е донесен нов правен механизам на наредби за заштита на случаи на семејно насилство (наредби со кои сторителот на насилство привремено се отстранува од домот на одреден период). Нивната задача е да подготват преглед за курс за обука за адвокати за правна помош за тоа како да им се помогне на жените кои се жртви на насилство да поднесат барање за заштита. Менторираниот одлучува кои теми според нив треба да бидат опфатени на обуката и вклучува неколку точки под секоја од нив. Тие треба да се обидат да предвидат како адвокатите би можеле да даваат отпор за новиот закон и како да одговорат на нивните аргументи.
- Менторираноt измислува фиктивно сценарио во кое правосудниот систем не е државна власт, туку е комерцијална служба. Жените корисници на правдата се потенцијални клиенти кои

плаќаат за таа услуга. Менторираниот создава реклама која го промовира правосудниот систем и ги мами жените да ја користат. Кои позитивни карактеристики би ги истакнале?

- Менторираните гледаат неколку видео клипови за родовата еднаквост (во делот Ресурси). Развиваат детално сценарио за едноставно видео кое ќе го објасни пристапот на жените до правдата за пошироката јавност. Кои теми би биле истакнати во кампањата за подигнување на јавната свест?

## Организрање на менторираните

Менторските сесии може да се одвиваат како индивидуални сесии и/или групни сесии во зависност од контекстот и достапноста на менторираните. Некои од сесиите можат да бидат особено ефективни ако се користат во група, бидејќи дискусиите и давањето идеи ќе се подобрат кога ќе има повеќе гледишта. Сепак, има и предности за менторските сесии еден-на-еден бидејќи тие му даваат на менторираниот шанса подлабоко да ги истражи предизвиците со кои се соочил во сопствената пракса.

Менторираните треба да имаат можност да бараат и да имаат индивидуални сесии доколку им е потребно; групните сесии може да се сфатат како дополнителна можност за учење од колегите. Менторот мора да ги земе предвид различните стилови на учење и преференции на менторираните. Во случај на групни сесии, менторот исто така делува како олеснувач на состанокот, осигурувајќи се дека сите менторирани имаат еднакви шанси да учествуваат во процесот и да придонесат со своите размислувања.

## Пред почетокот на менторството

Програмата за менторство би била особено ефикасна за менторираните кои веќе биле запознаени со концептот за пристап на жените до правдата преку други методи на учење (или во училница, користејќи го прирачникот или како независно учење преку онлајн курсот). Сесиите на Програмата за менторство се подготвени да се надоврзат на основното познавање на менторираниот со концептот за пристап на жените до правда, и затоа менторираните треба да се поттикнат да го разгледаат курсот HELP за пристап на жените до правда пред да се сретнат со нивниот ментор за воведната сесија.

Релевантните модули од курсот HELP се забележуваат и во секоја менторска сесија (како што се релевантните делови од прирачникот за обука) во случај или менторот или менторираниот да сакаат да прегледаат каков било материјал. Менторот треба да ги охрабри менторираните, барем да се запишат и да го следат онлајн курсот истовремено со Програмата за менторство[5].

5. Кратката содржина на курсот е достапна овде: http://help.elearning.ext.coe.int/pluginfile.php/154365/course/section/27343/HELP%20WAJ%20course%20brief.pdf. Менторираните можат да креираат сметка и да се пријават на курсот овде:http://help.elearning.ext.coe.int/login

## *Сесија 1: Вовед: запознавање и поставување цели*

Оваа сесија е првиот контакт помеѓу менторот и менторираниот и е од суштинско значење бидејќи ја поставува основата за долгорочна соработка. Менторираните треба да бидат способни да ја сфатат идејата за процесот и да ги видат неговите придобивки во нивната работа. Сесијата исто така треба да даде време за лично и професионално запознавање меѓу менторот и менторираниот.

### Цели на учењето

Сесијата има за цел да ја постави рамката за менторскиот процес и работата на менторираниот. Целите се:

- да се воведе менторска програма,
- да се разјасни целта на менторството,
- да се воспостави првиот контакт помеѓу менторот и менторираниот.
- да се разберат потребите за учење на менторираниот преку дискусија за нивниот контекст и соодветно поставување на целите за учење.

Разговорот за очекуваните резултати за менторираниот е исто така елемент што може да го поддржи планирањето на адекватен процес. **Поставувањето на индивидуалните цели за учење на менторираниот** е најважната цел на оваа сесија.

### Очекувано влијание

До крајот на сесијата, менторираниот треба да биде запознаен со концептот на менторство и процесот во кој е вклучен. Менторираниот треба да стане свесен за целта на менторството, сопствените потреби за учење и енергијата што се очекува да се инвестира од нивната страна. Менторираниот треба јасно да види како овој процес ќе ја поддржи неговата пракса во областа на правдата.

### Содржина/теми

Вовед и меѓусебно запознавање

Цел и процес на Менторската програма

Потреби за учење и индивидуални цели

Договор за условите за соработка помеѓу менторот и менторираниот.

### Вежби

Менторот може да користи алатки како што се вредносни картички за да ја истражи професионалната практика на менторираниот или преку раскажување приказни да ги истражи најрелевантните случаи и идеи што менторираниот ги доживеал во нивната пракса во однос на родовата еднаквост и пристапот на жените до правдата. Незавршените реченици подготвени од менторот, исто така, можат да помогнат да се започне дискусијата околу искуствата, како што се „Она што го гледам како најпроблематично во однос на полот е…“ или „Женските права во нашата земја…“

Што се однесува до идентификувањето на потребите за учење и поставувањето на целите за учење, целите на Програмата за менторство може да се визуелизираат, а менторираниот би можел да им даде приоритет според тоа колку се чувствуваат искусни во секоја тема..

### Области на дискусија

Во оваа сесија, вреди да се истражи професионалното искуство и историјатот на менторираниот, и нивната поврзаност со темата за родова еднаквост и пристапот на жените до правдата. Во основа, ова е

сесијата на која менторот треба да собира податоци за да може да го прилагоди менторскиот процес на потребите на менторираниот. Сите прашања поврзани со процесот и рамката треба да бидат дозволени и разјаснети.

## Ресурси

Образец за извештај за сесија - лист со податоци што менторот го пополнува по секоја сесија (користете го образецот за извештај за менторска сесија (за ментори) во Анекс 1).

## *Сесија 2: Каква врска има „женскиот пристап до правдата“ со мене?*

Оваа сесија е наменета да биде како „кршач на мраз“ и да го запознае менторираниот/менторираните со концептот за пристап на жените до правдата. Сесијата ги поттикнува менторираните да размислуваат за тоа како темата е поврзана со нивните сопствени искуства. Сесијата е наменета за почеток на Менторската програма, но може да се прилагоди за употреба кон крајот со цел вниманието на менторираните да се насочи кон тоа како можат да го применат наученото во својата работа.

### Соодветно на

Ова сесија користи материјал од прирачникот за обука за пристап на жените до правдата (конкретно, од Воведот и дел 4.13), кој исто така се користи во курсот HELP за пристап на жените до правда (Модули 1 и 3).

### Цели на учењето

Менторираниот вложува во темата за пристапот на жените до правдата преку признавање дека проблемот е релевантен за сите правни системи.

Од самиот почеток на програмата, менторираниот учи дека пристапот на жените до правдата не е само апстрактен концепт, туку е проблем што постои во нејзината/неговата јурисдикција.

### Очекувано влијание

Менторираниот ќе ја разбере важноста на темата за пристапот на жените до правдата, како и практичната примена на курсот и Програмата за менторство во нејзиниот/неговиот професионален живот. Менторираниот треба да биде возбуден за темата и да инвестира во продолжување со програмата.

### Содржина/теми

a. Испитување на податоците за користењето на Европскиот суд за човекови права од страна на жените.

   Во 2007 година, Франсоаз Тулкенс (поранешен судија и потпретседател на Европскиот суд за човекови права) ги проучувал барањата до Судот. Открила дека само 16% од апликациите биле поднесени од жени. Судијата Тулкенс заклучила дека податоците сугерираат дека можеби е потешко за жените да поднесат случаи пред Европскиот суд за човекови права - што значи дека нивниот пристап до правдата е на некој начин компромитиран.

b. Испитување на податоците за застапеноста на жените во правните професии.

   Европската комисија за ефикасност на правдата на Советот на Европа (ЦЕПЕЈ) редовно го оценува квалитетот и ефективноста на судските системи на земјите-членки. Проценките вклучуваат и индикатори за родова еднаквост. Во 2016 година, жените биле застапени со 59% во сите првостепени професионални судии, но само со 36% во претседателите на судовите на ова ниво. Исто така, 51% од обвинителите биле жени, но само 34% од шефовите на обвинителствата биле жени. Се забележува дека во 2020 година, ЦЕПЕЈ во базата на податоци додава бројки од 2018 година.

c. Анализа на национални податоци за бројот и сразмерот на случаи покренати од жени, како и застапеноста на жените во правната професија. Менторот може да побара менторираните да поминат извесно време пред оваа сесија во потрага по вид на податоци што се достапни во нивните јурисдикции.

### Вежби

a. На менторираните може да им се даде извадок од студијата на судијата Тулкенс за да разговараат за време на сесијата или менторот да побара да го прочитаат целиот напис како подготовка за сесијата.

b. Од менторираните може да се побара да се запознаат со базата на податоци на ЦЕПЕЈ за европските судски системи и, конкретно, да најдат податоци за застапеноста на жените во различни правни професии во нивната земја. Менторираните треба да се поттикнат да ја истражуваат базата на податоци и да споредуваат податоци од различни занимања и земји.

c. Или како подготвителна домашна задача или како продолжение на сесијата, менторираните би можеле да се обидат да најдат дополнителни национални податоци за да ја пополнат сликата за тоа како жените го користат правниот систем (особено судовите) и како се застапени во националниот правен систем. Веројатно е дека таквите податоци нема да бидат лесно достапни, па менторот треба да го поттикне менторираниот да го користи своето знаење и искуство и да ги има на ум овие прашања во текот на програмата и да има забелешки за се' што ќе научат/набљудуваат

## Области на дискусија

(а)

- Имајќи предвид дека жените претставуваат најмалку половина од населението во Европа, кои би можеле да бидат некои објаснувања за фактот дека помалку од една четвртина од барањата до Европскиот суд за човекови права се поднесени од жени?
- Прашајте го менторираниот, кои се најверојатните главни области на законот или најчестите прекршувања на човековите права за кои жените поднесуваат барање до Европскиот суд за човекови права, врз основа на нивното сопствено знаење и искуство. Запомнете, самиот Суд не објавува податоци поделени според полот за апликантите или испитуваните случаи. Дали таквите податоци би биле корисни? Зошто или зошто не?

(б)

- Какви модели забележавте Вие (менторираниот) во податоците на ЦЕПЕЈ за застапеноста на жените во правните професии, размислувајќи за разликите во една професија (на пр. судии, обвинители), меѓу професиите и меѓу земјите? Кои би можеле да бидат некои објаснувања за варијациите, особено за да се објасни феноменот што се изразува како „стаклен плафон“ за жените?
- Како претставувањето на жените како обвинители или судии се поврзува со концептот на „женскиот пристап до правдата”?
- Какви врски постојат, доколку ги има, со наодите за жените апликанти до Европскиот суд за човекови права и застапеноста на жените во правосудните системи? Размислувајќи во широки рамки, кои се некои од начините на кои можеме да ги поддржиме жените во правосудниот сектор?

(в)

- Кои податоци беа достапни за Вашиот национален правен систем? - колку случаи (и во %) се поднесени од жени? во кои области од законот жените најчесто поднесуваат предмети? дали покренуваат случаи во свое име или во име на други?
- Ако податоците не беа достапни, како ја гледате општата слика за жените корисници на правдата, врз основа на Вашето сопствено професионално искуство?
- Какви податоци или информации се потребни за дополнително да се разјасни каде може да има празнини или нееднаков пристап до правдата за жените? Кои се некои од можните извори на овие информации на кои менторираниот би можел да внимава кога учествува во оваа програма?
- Дали претходно сте размислувале за разликите во начинот на кој жените и мажите го користат или се претставени во националниот правен систем? Зошто и зошто не?

## Совети за прилагодување

- Обвинителите може да сметаат дека е корисно да ги споредат податоците за женски и машки жртви/обвинети во кривичните случаи. Какви модели гледаат во облиците на насилство што

несразмерно ги погодуваат жените? Што сугерираат шаблоните?

- Можно е менторираните да не се многу запознаени со концептот на родови јазови или родови разлики. Би можело да биде корисно да се има поширока дискусија за нееднаквостите надвор од правниот систем - гледајќи го и националниот контекст и моделите што се гледаат на глобално ниво. Оваа дискусија може да опфати прашања како што се разликите во платите, „сегрегација“ во видовите на работа што ја вршат жените и мажите, застапеноста на жените во политичките функции итн. Менторираните можат да размислат како таквите модели на нееднаквост се релевантни за темата за пристапот на жените до правдата. [Забелешка: оваа тема се однесува и на сесијата 4 на тема „Истражување на бариерите за правда за жените"].

## Ресурси

*Човекови права, права на жените. Женски апликанти во Европскиот суд на човекови права.* Предавање од Франсоаз Тулкенс (2007 г.).
https://rm.coe.int/1680597b21

Контролна табла на ЦЕПЕЈ за родова еднаквост во судовите и јавните обвинителства
https://public.tableau.com/profile/cepej#!/vizhome/CEPEJ-Genderequalityv1_3/Barcharts
https://www.coe.int/en/web/cepej/dynamic-database-of-european-judicial-systems

Забелешка: би можело да биде корисно да се преиспитаат шесте суштински компоненти за пристапот на жените до правдата како што се артикулирани од Комитетот ЦЕДАВ во Општата препорака бр. 33 за пристапот на жените до правдата, Комитетот на ОН за елиминација на дискриминацијата врз жените (2015) https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CEDAW/C/GC/33&Lang=en

Шесте суштински компоненти за пристапот на жените до правдата, исто така, се сумирани во делот 1.1.2 од Прирачникот за обука за судии и обвинители за обезбедување пристап на жените до правдата и во Модул 1 од курсот HELP).

## *Сесија 3: „Правдата е слепа“ не значи „родово слепа“!*

Целта на оваа сесија е да се осигура дека менторираниот разбира што е родова перспектива и, згора на тоа, зошто е корисно за обвинителите и судиите да применуваат родова перспектива.

### Соодветно на

Материјалот одговара на Глава 1 (дел 1.1) и Глава 4 (особено дел 4.8) од *Прирачникот за обука за судии и обвинители за обезбедување пристап на жените до правдата* и модулите 1 и 5 од курсот HELP за пристап до на жените до правда.

a. Разгледување само на фактите од случајот за насилство врз жени (во овој случај, во врска со семејно насилство)

b. Разгледување на фактите на случајот во контекст на Вашата јурисдикција. Определете кои закони ќе важат за овој случај (и кривично право и кривична постапка, како и потенцијално граѓанско или управно право).

c. Кои меѓународни стандарди би важеле за фактите на овој случај? Имајте на ум дека Руската Федерација не била членка на Истанбулската конвенција во времето кога се расправало за случајот. Но, менторираниот треба да пристапи кон овој случај како државата да е обврзана со Конвенцијата. Исто така, треба да се разгледаат сите други применливи меѓународни стандарди.

d. Треба да се идентификуваат докази за неактивноста на државната во случајот. Исто така, треба да се идентификуваат други дејствија што требало да ги преземе полицијата или обвинителството, доколку овој случај се случил во Вашата земја.

e. Менторираниот и менторот можат да разговараат за правните аргументи и докази на неактивноста на државата. На крајот, менторираниот треба да ја преземе улогата на судија и да донесе потенцијална пресуда.

f. Последниот чекор е да се разгледаат одлуката и препораките на Комитетот на ЦЕДАВ, имајќи предвид дека ова не е обврзувачка правна пресуда. Во овој момент, менторот и менторираниот би можеле да разговараат за разликите доколку овој случај (а) бил сослушан од суд во земјата на менторираниот или (б) сослушан од Европскиот суд за човекови права според истите факти, но сметајќи дека се одвива во земја што ја има ратификувано Истанбулската конвенција.

## Области на дискусија

### За случај А

a. По читањето на фактите како што ги достави авторот (Д.С.), дали има разлики во начинот на кој националниот закон во овој случај (овде, Словачка) и во Вашата земја ја третира родовата (или половата) дискриминацијата? Кои се разликите?

b. Ставајќи се себеси во улога на адвокат на Д.С., кој закон се применува за случаите на дискриминација во Вашата земја?

c. Кои меѓународни правни стандарди би можеле да се повикаат? Размислете за ЦЕДАВ како и за конвенциите на Советот на Европа.

d. По читањето на забелешките на државата („одбраната“) и коментарите на подносителот на жалбата, кои се потенцијалните форми на докази што може да ги презентира подносителот на жалбата и оние што државата („обвинетиот“) може да ги обезбеди (можете да направите список)? Бидете креативни и размислете вон фактите на случајот и разгледајте ги доказите што би можеле да бидат достапни во Вашата земја. Кои докази би биле доволни за Д.С. да поднесе случај на prima facie според домашното законодавство? Размислете за друга судска пракса со која можеби сте запознаени. Ако е тешко да се одговори на ова прашање, имајте го на ум за подоцна кога ќе прегледате што утврдил Комитетот на ЦЕДАВ за тоа дали товарот на докажување бил префрлен.

e. Сега, ставајќи се себеси во улога на судија, што би одлучиле или како би објасниле пресуда во корист на Д.С. (значи, наод дека нејзиниот работодавец ја дискриминирал)?

f. Прегледајте ги заклучоците на Комитетот на ЦЕДАВ. Имајте на ум дека Комитетот утврди прекршување на Конвенцијата. Дали мислите дека пресудата би била иста доколку овој случај се сослуша во вашиот правен систем? - или потпирајќи се само на домашното право или, исто така, повикувајќи се на меѓународното право (како што е ЦЕДАВ)? Дали би очекувале да видите некакви разлики доколку овој случај го разгледувал Европскиот суд за човекови права, потпирајќи се на Европската конвенција за човекови права?

## Za slučaj B

a. По читањето на фактите како што ги достави авторот (X и Y), дали има разлики во начинот на кој националниот закон во овој случај (овде, Руска Федерација) и во Вашата земја го третира семејното насилство? Кои се разликите?

b. Ставајќи се себеси во улога на адвокат на X и Y, кој закон се применува за случаите на семејно насилство во Вашата земја (земајќи ги предвид кривичниот законик, кривичните процедури, административното и граѓанското право)? Дали во Вашата земја постојат правни лекови кои не им биле достапни на X и Y?

c. Кои законски должности на полицијата или обвинителите би биле имплицирани доколку овој случај се случел во Вашата земја?

d. Замислете дека фактите за овој случај се случиле во држава која била членка на Истанбулската конвенција - на кои членови би се повикале за да ја докажете неактивноста на државата во овој случај?

e. Кои се потенцијалните докази за неуспехот на државата да ја исполни обврската за длабинска анализа во овој случај?

f. Прегледајте ги забелешките на државата („одбрана“) - како вие, како бранител на X и Y, би одговориле на овие аргументи?

g. Сега, ставајќи се себеси во улога на судија, што би одлучиле или каде би барале прекршување на домашното и меѓународното право?

h. Прегледајте ги заклучоците на Комитетот на ЦЕДАВ. Имајте на ум дека Комитетот утврди прекршување на ЦЕДАВ. Дали мислите дека пресудата би била иста доколку овој случај се расправа во Вашиот правен систем? Што ако случајот бил сослушан од Европскиот суд за човекови права, потпирајќи се на Истанбулската конвенција?

## Ресурси

Случаи на дискриминација:

Комуникација на Д.С. (Ставови усвоени од Комитетот на ЦЕДАВ во врска со Комуникацијата бр. 66/2014)
https://digitallibrary.un.org/record/854547

Комуникација на Р.К.Б. (Ставови усвоени од Комитетот на ЦЕДАВ во врска со Комуникацијата бр. 28/2010)
https://juris.ohchr.org/Search/Details/1720

Случаи за насилство врз жени:

Комуникација на X и Y (Ставови усвоени од Комитетот на ЦЕДАВ во врска со Комуникацијата бр. 100/2016)
https://undocs.org/pdf?symbol=en/CEDAW/C/73/D/100/2016

Комуникација на О.Г. (Ставови усвоени од Комитетот на ЦЕДАВ во врска со Комуникацијата бр. 91/2015)
https://juris.ohchr.org/Search/Details/2429

## *Сесија 8: Што може да се направи за да се елиминираат родовите стереотипи во судските процеси?*

Оваа сесија се фокусира на критичната бариера за правдата за жените - потпирањето на родовите стереотипи во случаите на насилство врз жените. Целта е да се побара од менторираниот да разгледа неколку еклатантни примери на родова пристрасност при одлучувањето на судството и да размисли и за предизвиканата штета и за тоа како правниот систем реагирал во секој случај.

### Соодветно на

Се препорачува оваа сесија да се спроведе откако менторираниот веќе имал вовед во темите за судските родови стереотипи и пристрасност. Овој материјал може да се најде во дел 1.4 од *Прирачникот за обука за судии и обвинители за обезбедување пристап на жените до правдата* и Модул 4 од курсот HELP. Се препорачува за целта на оваа сесија подлабоко да се погледнат родовите стереотипи и да се размислува за негативните последици во правните случаи, под водство на менторот..

### Цели на учењето

Менторираниот ќе препознае вообичаени предрасуди/ стереотипно одлучување (како што е обвинување жртва во случаи на насилство врз жени; неразбирање на динамиката на сексуалното насилство/силување; дезинформации за согласност во такви случаи итн.) и ќе почне да дешифрира од каде потекнуваат овие стереотипни поими како и штетата што ја предизвикуваат. Ментираниот треба исто така да осмисли потенцијални одговори на таквата родова пристрасност и како тие, како правни професионалци, можат да ги блокираат или да ги спречат да предизвикаат штета.

### Очекувано влијание

Менторираниот ќе сфати дека стереотипите и заблудите за сексуалното насилство (како и другите форми на насилство врз жените), за жал, се вообичаени реакции што се случуваат низ општеството. Кога овие стереотипи влијаат врз донесувањето законски одлуки, тоа резултира со една од најкритичните бариери за правдата за жртвите на родово базирано насилство (и исто така причина зошто таквите кривични дела се сметаат за латентни). Менторираниот ќе разбере дека е одговорност на правните професионалци да гарантираат дека пристрасноста и потпирањето на стереотипите за толкување на доказите и примената на законот не се дел од правното одлучување. Тие треба да се чувствуваат овластени да ја препознаат таквата пристрасност и стереотипи и да спречат тоа да се случи при нивното одлучување и воопшто во правните процеси.

### Содржина/теми

На менторираниот му се даваат информации (или се бара да направи мини истражување) за неодамнешните и особено еклатантните случаи на родови стереотипи/пристрасност. Дадени се три примери, а менторот може да побара од менторираниот да разгледа еден или сите три или може да избере други проблематични случаи. Менторот го води менторираниот да размислува за тоа што стои зад судските одлуки, кои се одредените стереотипи што се применуваат, штетата предизвикана, а исто така и јавните одговори што следувале.

**Внимание, ментори!**

Резимеата дадени подолу не се целосни истории на случаи. Целта на вежбата не е да се ревидира судското одлучување за цел случај, туку да се фокусира на примери за тоа како родовите стереотипи може несоодветно да влијаат на правните постапки.

Во секој случај има јасни примери на родови стереотипи и менторираниот не треба да се охрабрува да наоѓа оправдувања за оваа практика.

Имајте на ум дека некои менторирани може да ги имаат истите заблуди - на крајот на краиштата, овие верувања се вообичаени во повеќето општества. Така менторираните може да се обидат да ги намалат или да дадат објаснувања. Важно е менторот да ја пренесе клучната точка за учење - ова се примери на правни професионалци кои несоодветно се потпираат на родови стереотипи и тоа не може да се оправда.

## Вежби

Трите предложени примери се дадени подолу. Дополнителни информации за конкретните случаи може да се најдат преку многу објави во весниците, во референците.

**Шпанија:** (случај „глутница волци")[9] Во 2018 година, пет мажи беа обвинети за групно силување на 18-годишна девојка. Беа прогласени за виновни за помало дело „континуирано сексуално злоставување", но не и за силување. Имаше неколку проблематични аспекти на случајот. На пример, делото силување според шпанскиот закон мора да вклучува насилство или заплашување. Адвокатот на одбраната тврдеше дека жртвата се согласила, користејќи видео снимка од телефон на која се гледа жртвата неподвижна со затворени очи како доказ дека немало насилство/заплашување. Одбраната достави и докази, добиени од приватен детектив, дека жртвата се смешка со пријателите неколку дена по инцидентот. Судијата утврдил дека „пасивноста" на жртвата значи дека немало силување. По пресудата, имаше големи јавни протести во Шпанија и повици за измена на законодавството за сексуални престапи. Во 2019 година, Врховниот суд ја укина пресудата и ги зголеми казните од 9 на 15 години. Законот за кривични дела силување и сексуален напад во моментов е во фаза на ревизија и може да биде изменет.

**Италија[10]:** Во 2016 година, првостепениот суд осуди двајца мажи за силување на 22-годишна жена (која по потекло е од Перу). Во 2017 година, мажите беа ослободени од Апелациониот суд. Образложението на Апелациониот суд (совет од 3 женски судии) го вклучи фактот дека сведочењето на жртвата не е веродостојно затоа што таа била грда/ „со премногу машки изглед" за да биде пожелна (според тоа што судиите ја виделе нејзината фотографија и изјавите на обвинетите дека не ги привлекувала). Во случајот имало докази од вештачењето дека жртвата имала повреди што се соодветни за силување и дека била дрогирана. Во 2019 година, Врховниот суд наредил повторно судење. Министерството за правда наредило истрага за пресудата.

**Северна Ирска[11]:** Во судењето во 2018 година во кое 17-годишна девојка обвини 27-годишен маж за силување, клучно прашање беше дали жртвата се согласила на какви било сексуални дејства. Во своето завршно обраќање пред поротата, бранителот ја даде следната изјава: *„Дали доказите ја исклучуваат можноста дека таа го привлекла обвинетиот и сакала да се сретне со некого и да биде со некого? Мора да видите како била облечена. Носела танга [долна облека] со тантела напред"*. По расправата, поротата го ослободи обвинетиот. Потоа следеа големи протести и изјави за осуда на пресудата во парламентот. Случајот на крајот доведе до тоа Одборот за кривична правда да наложи независна ревизија на законот и процедурите за сексуални престапи во Северна Ирска.

## Области на дискусија

- Што е проблематично во секој од случаите? Кои се специфичните родови стереотипи, или заблуди за сексуалното насилство, кои се применуваат? Зошто оваа пракса е проблематична?
- Размислете како стереотипите и митовите за силување и сексуално насилство беа применети во секој од овие случаи. Дали преку правните аргументи, одлуката на судот или дури и во самите закони? Какви разлики има во однос на влијанието врз случајот кога родовиот стереотип има различни „извори"?
- Дали правното одлучување или правните аргументи во секој од овие случаи сугерираат разбирање на динамиката на случаите на силување? Што не се разбира?
- Што можеше да се направи поинаку? Ставете се во улога на обвинител или судија (или друг релевантен правен професионалец) и разгледајте ги можните дејства, во смисла на приговори, упатства на поротата, Ваше размислување, законски измени итн.
- Ако некој од овие случаи се случел во Вашата земја, што би можело да се направи за да се „испрати сигнал" дека родовата пристрасност и потпирањето на родовите стереотипи се

9. https://www.theguardian.com/world/2018/apr/26/protests-spain-five-men-cleared-of-teenagers-gang-rape-pamplona;
10. https://www.theguardian.com/world/2019/mar/11/men-acquitted-of-charges-because-victim-judged-too-masculine
11. https://www.irishexaminer.com/breakingnews/ireland/comment-investment-needed-to-change-attitudes-towards-consent-an-drape-885955.html

неприфатливи? (на пр. дали има дисциплински постапки? Што е со независните истраги или процесите на правни реформи?)

- Трите примери беа предмет на национални протести и беа опфатени во меѓународниот печат. Зошто мислите дека така се случило? Дали мислите дека овие случаи се нетипични или содржат некои познати елементи?
- Кој беше крајниот резултат од овие три случаи во смисла на подобро функционирање на правосудниот систем за жртвите на силување или други форми на сексуално насилство? Кои лекции ги научивте?
- Можете ли да смислите начини на кои правниот систем (и професионалците во него) можат да бидат попроактивни во справувањето со родовите стереотипи и пристрасност, наместо да реагираат на случаи како што се овие што предизвикуваат значителна штета (на жртвата, но и воопшто ја поткопуваат довербата во институциите)?

## Совети за прилагодување

- Се очекува оваа сесија да се користи откако менторираниот веќе ги проучил родовите стереотипи (или од прирачникот за обука или онлајн курсот). Меѓутоа, ако менторот гледа дека менторираниот има проблем да ги идентификува проблематичните родови стереотипи во дадените сценарија менторот треба да побара од менторираниот да прочита некои од материјалите од делот Ресурси, подолу во текстот. Ова може да биде и начин да се започне сесијата - да се освежи помнењето на менторираниот.
- Понапреден пристап може да биде да се побара од менторираниот да прегледа примери од сопственото искуство и пракса. Ова бара саморефлексија на личните предрасуди и предубедување. Целта не е да се обвинува менторираниот, туку да се разбере дека митовите за сексуалното насилство се вообичаени (забележете ги различните земји/правни системи во примерите што се дадени во вежбата) и дека нашето размислување исто така напредувало со текот на времето (размислете како случаите на насилство против жените биле третирани во законот пред 20 години или пред 100 години).
- Менторираните, исто така, би можеле да идентификуваат и да дискутираат за видовите родови стереотипи што може да се видат во случаи кои се однесуваат на правни прашања различни од сексуалното насилство. Еден пример би бил да се разговара за тоа како случаите на силување од сопружник или брак се третираат во националното право - дали има одбрана за силување кога сторителот и жртвата се во брак? Дали има измени во законот и во правниот третман на ваквите случаи? Кои се тие промени и зошто се важни?

## Ресурси

За дополнителни информации за родовите стереотипи и родовата пристрасност, следново може да биде корисно дополнително четиво за менторираните:
Елиминирање на судските стереотипи: Еднаков пристап до правда за жените во случаите на родово базирано насилство (Канцеларија на Високиот комесаријат за човекови права, 2014 година)

Родовиот стереотип како кршење на човековите права (Канцеларија на Високиот комесаријат за човекови права, 2013 година)
https://www.ohchr.org/EN/Issues/Women/WRGS/Pages/GenderStereotypes.aspx

## *Сесија 9: Користење на родово сензитивни практики во реалниот живот*

Целта на оваа сесија е да се поттикне менторираниот да се стави во кожата на жена корисник на правдата - на пример, жртва на родово базирано насилство - со цел да се идентификуваат бариери за правдата што може да се поправат.

### Соодветно на

Сесијата може да се користи во секое време во Програмата за менторство. Одговара на материјалот претставен во Глава 4 од прирачникот за обука и Модулите 5 и 6 од курсот HELP за пристапот на жените до правдата.

### Цели на учењето

Менторираниот треба да ја види својата пракса и работна средина низ очите на жените кои се обидуваат да пристапат до правдата. Треба критички да ја анализираат нивната работна средина и да ги идентификуваат потенцијалните бариери за правдата и системите или практиките што би можеле да се подобрат. Целта не е менторираниот да најде мана кај соработниците или другиот персонал, туку холистички да погледне на видовите проблеми со кои може да се соочи жената која се обидува да пристапи до правдата.

### Очекувано влијание

Менторираниот ќе го примени она што го научил од курсот за обука и самата програма за да идентификува конкретни области каде што може да се направат подобрувања во работната средина. Потенцијално, менторираните кои се од иста адвокатска канцеларија би можеле да ја прават оваа вежба заедно, а менторираниот би можел да ангажира и други професионалци во овој „преглед".

### Содржина/теми

Сесијата може да има форма на „мини родова ревизија" во која менторираниот критички ја испитува работната средина (не само физичкиот простор, туку и политиките, процедурите итн.) од перспектива на хипотетичка жена корисник на правдата. Следниот чекор би бил менторираниот да известува за она што го нашол (или поединечно со менторот или во групна средина) и да развие препораки за подобрувања.

Родовите ревизии обично се користат за подобрување на вклучувањето на родовата перспектива во една организација и може да биде обемен процес. Родовата ревизија може да се користи и за проценка на националното законодавство од родова перспектива. Овде, процесот е многу поограничен и намената му е менторираниот да го спроведува во период од неколку дена.

### Вежби

Менторот бара од менторираниот да ја изврши задачата критички да го испита сопственото работно место и да ги забележи видовите на прашања кои таа/тој веќе ги научил. Вежбата може да се опише како „мини родова ревизија" која е многу понеобемна од целосната ревизија, или може да биде показна вежба во која менторираниот се става себеси во улога на жена која се обидува да пристапи до правда (види Ресурси, подолу во текстот).

Менторот и менторираниот/ите би можеле заедно да развијат листа за проверка за родовата ревизија, користејќи ги предлозите подолу и приспособувајќи ја листата на работа на менторираниот (т.е. дали се обвинители, граѓански или кривични судии). Менторот треба да го поттикне менторираниот да го гледа не само физичкиот простор, туку и, колку што е можно, знаењето и постапките на луѓето во канцеларијата (на пр. помошници на обвинители, службеници во судот, извршители итн.), процесите, политики, итн. Менторираните треба исто така да се движат низ работната средина (не само да размислуваат за тоа), да разговараат со персоналот, да го разгледаат физичкиот простор и да ги разгледаат процедуралните прашања за да се обидат да ги идентификуваат потенцијалните проблеми/бариери за жените. Потенцијално, ако има мешана група на менторирани, тие исто така би можеле меѓусебно да си ги посетуваат канцелариите.

**Список за проверка:**

Преглед на **политиката, процедурите** и **процесите** од перспектива на родова чувствителност/неутралност/родово слепило (т.е. дали постојат внатрешни упатства или насоки за интервјуирање на жртва на родово базирано насилство?)

**Знаење и чувствителност на персоналот** за родови прашања (т.е. дали персоналот има соодветно разбирање за потребите на жените како корисници на правдата? Дали има обуки за персоналот?) Запомнете: менторираните би можеле да интервјуираат избрани членови на персоналот или да одржат состанок на фокус група.

Спроведете **прошетка низ физичкиот простор** (т.е. дали се достапни информациите што конкретно се однесуваат на потенцијалните прашања за жените корисници на правдата - како што се брошури, летоци или упатувања до локални служби? Дали има посебни места за чекање за луѓето кои доаѓаат во канцеларија/суд со деца? Дали се земаат предвид безбедносните прашања?)
…

## Области на дискусија

- Кои се главните наоди од прошетката низ „мини родовата ревизија" во поглед на пристапот на жените до правдата? Дали нешто Ве изненади? Што?
- Каде најчесто наоѓавте потенцијални бариери за правдата? Дали беа поврзани со процедури или со самиот простор или со нешто друго?
- Кои конкретни чекори мислите дека се потребни за да се подобри пристапот до правда за жените во вашата работна средина?
- Како би ги окарактеризирале овие бариери во однос на тоа да можете сами да ги решите?
- Дали треба да работите со други за да ја подобрите ситуацијата за жените корисници на правдата? Ако да, со кого? Каква поддршка или ресурси би Ви биле потребни за да ги решите овие бариери? Што можете да планирате во смисла да бидете сигурни дека ја имате потребната поддршка и ресурси?
- Што мислите, како би поминала оваа вежба доколку сте ја завршиле на почетокот на менторството (т.е. 8 месеци претходно)? Дали мислите дека би имале поинаква перспектива за пристапот на жените до правдата, бидејќи таа се однесува на Вашата работна средина?

## Ресурси

Доколку менторираните не се запознаени со концептот на родова ревизија, описот на процесот можат да го прочитаат овде:
https://eige.europa.eu/gender-mainstreaming/methods-tools/gender-audit

Сепак, менторот треба јасно да објасни дека од менторираниот не се очекува да спроведе нешто како целосна родова ревизија; вежбата е наменета да биде процес на систематско гледање на работната средина, користејќи некои основни методи кои се применуваат при родовите ревизии.

Во 2015-2017 година, шведскиот судски систем беше подложен на процес на вклучување на родовите аспекти во главните политики, а резултатите се документирани во извештај за повратни информации. Овој извештај би можел да биде корисен како заднинско читање бидејќи ги опишува активностите што беа користени за да се оцени родовата чувствителност на судскиот систем. Имајте предвид дека во делот 3.6.6 од извештајот е опишано како е спроведено „родовото одење по стапките на корисниците".
https://rm.coe.int/gm-feedback-swedish-court/16808f14d8

## *Сесија 10: Процена, следни чекори и затворање*

Целта на оваа последна сесија е да се затвори процесот на менторство: да се извлечат конечни забелешки, да се соберат достигнувања во учењето, да се проценат резултатите и да се идентификуваат чекори за иднината со цел да се интегрира учењето во секојдневната работа на правните работници.

### Цели на учењето

Менторот треба да го поддржи менторираниот да го прегледа учењето низ кое поминал во текот на програмата, да ги идентификува точките за учење и да дојде до заклучоци за искуството. Во оваа сесија, главната цел е да се оцени учењето, да се размислува за влијанието и да се пренесе учењето во секојдневната работа на менторираните.

Сесијата треба да обезбеди простор за повратни информации и предлози од страна на менторираните, како за менторскиот процес, така и за содржината на менторските сесии.

### Очекувано влијание

Менторираните треба да бидат способни да ги идентификуваат најважните резултати од учењето и точките од процесот на учење кои можат да се интегрираат во нивната секојдневна работа со цел да се обезбеди подобар пристап за жените до правдата.

### Содржина / теми / области на дискусија

- Точки на учење и заклучоци;
- Идни чекори, евентуални идни потреби за поддршка и учење;
- Проширување на влијанието – учење на колегите за темата за пристап на жените до правдата;
- Евалуација на процесот – соработка ментор-менториран;
- Повратни информации.

### Вежбе

Оваа сесија може да биде особено корисна барем делумно да се спроведе во група, така што резултатите од учењето и идните чекори можат да ги инспирираат сите менторирани. Активноста за евалуација може да вклучи прегледување на менторските белешки и запомнување на најважните точки за дискусија од секоја сесија. Некои аспекти на учењето за кои може да се дискутира:

- Кои се работите/практиките што веќе ги правев, но станав посвесен за нивната важност во однос на пристапот на жените до правдата?
- Дали има некои дополнителни работи што ќе ги направам поинаку по овој процес?
- Што може да се направи од моја страна во иднина за да се обезбеди подобар пристап за жените до правдата?
- Кои случаи и примери ми се најкорисни за мојата канцеларија?

### Ресурси

Образец за конечна евалуација за менторство (за менторирани) - Анекс 2.

# ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ ЗА ПОДГОТОВКА НА МЕНТОРСКИ СЕСИИ

## Совет на Европа

Материјали за еднаков пристап на жените до правда
https://www.coe.int/en/web/genderequality/equal-access-of-women-to-justice

Истанбулска конвенција (текст на сите јазици на Советот на Европа)
https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/text-of-the-convention

Извештаи на Група експерти за акција против насилство врз жени и семејно насилство (GREVIO)
https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/

Европски суд за човекови права:

Судска пракса (база на податоци на HUDOC)
https://hudoc.echr.coe.int/eng#{"documentcollectionid2":["GRANDCHAMBER","CHAMBER"]}

Информативен лист за насилството врз жените
https://www.echr.coe.int/Documents/FS_Violence_Woman_ENG.pdf

Информативен лист за семејно насилство
https://www.echr.coe.int/Documents/FS_Domestic_violence_ENG.pdf

Информативен лист за родова еднаквост
https://www.echr.coe.int/Documents/FS_Gender_Equality_ENG.pdf

Европска програма за едукација за човекови права за правни професионалци (HELP) онлајн курсеви:
http://help.elearning.ext.coe.int

## Извори на родова статистика

Извештаи за човековиот развој на УНДП, податоци и профили на земји
http://www.hdr.undp.org/en
http://www.hdr.undp.org/en/data

База на податоци за родови статистики на UNECE
https://w3.unece.org/PXWeb/en
https://w3.unece.org/PXWeb/ru

База на податоци на Светска банка
https://databank.worldbank.org/source/gender-statistics

## Национални агенции за статистика

Комитетот ЦЕДАВ

Општи препораки (вклучувајќи го пристапот на жените до правдата и насилството врз жените)
https://www.ohchr.org/EN/HRBodies/CEDAW/Pages/Recommendations.aspx

Јуриспруденција
https://juris.ohchr.org/en/search/results?Bodies=3&sortOrder=Date

## Видеа

Мултимедија за родова еднаквост на Советот на Европа
https://www.coe.int/en/web/genderequality/multimedia

Видеа за насилството врз жените на Советот на Европа
https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/
https://www.coe.int/en/web/human-rights-channel/domestic-violence-and-violence-against-women

Дигитална библиотека на UN Women
https://www.unwomen.org/en/digital-library/videos

UN Women за Европа и Централна Азија
https://eca.unwomen.org/en/digital-library/videos

Родова еднаквост (и родовиот јаз во платите)

https://www.youtube.com/watch?v=TWvJ3Dd2Y9M
https://www.youtube.com/watch?v=t2JBPBIFR2Y
https://www.youtube.com/watch?v=pF1j22x-yU8
https://www.youtube.com/watch?v=snUE2jm_nFA

Родови стереотипи
https://www.youtube.com/watch?v=G3Aweo-74kY

Популаризација на родовата перспектива
https://youtu.be/udSjBbGwJEg (Англиски)
https://youtu.be/Dh2B7ausEJo (Украински)

# АНЕКСИ

**(1) Образец за извештај за менторска сесија (за ментори)**

**(2) Образец за финална евалуација за менторство (за менторирани)**

**(3) Образец за конечен извештај за менторство (за ментори)**

Кофинансиран од Европската Унија

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

**Пристап на жените до правда:**
**Спроведување на Истанбулската конвенција и другите европски стандарди за родова еднаквост**

# ОБРАЗЕЦ ЗА ИЗВЕШТАЈ ЗА МЕНТОРСКА СЕСИЈА

**(Анекс 1, за ментори)**

Овој образец за извештај го пополнувате Вие по секоја менторска сесија што ќе ја одржите. Ве молиме внимателно прочитајте го и пополнете го образецот бидејќи тој ќе се користи за документацијата на Програмата за менторство и ќе им помогне на другите подобро да го разберат Вашиот процес, како сте ја прилагодиле програмата и што сте научиле од неа. Ова исто така е единствена можност да разберете како да ја подобрите Програмата за менторство врз основа на Вашето искуство.

Бидете конкретни за да можеме најдобро да разбереме како се одвивале процесите и со какви предизвици сте се соочиле со менторираните. Пред да користи нешто од извештајот, Советот на Европа ќе побара од Вас дозвола и ќе Ви дозволи да ги уредите тие делови.

**Вашето име, земја:** ______________________________

☐ **Индивидуална менторска сесија** ☐ **Групна менторска сесија**

**Име на менторираниот(ите):** ______________________________

**Датум и место на менторската сесија:** ______________________________

| **Опфатени теми / области:** |
|---|
| |
| **Кратко резиме на состанокот и Вашите искуства:** |
| |
| **Постигнати резултати и предизвици на средбата:** |
| |

| **Искуства со предложените методи, приспособени работи или предлог за поинакво користење:** |
|---|
| |
| **Сите други коментари, работи што треба да се запаметат од оваа сесија:** |
| |

Кофинансиран од Европската Унија

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

**Пристап на жените до правда:**
**Спроведување на Истанбулската конвенција и другите европски стандарди за родова еднаквост**

# ОБРАЗЕЦ ЗА ФИНАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА ЗА МЕНТОРСТВО

**(Анекс 2, за менторирани)**

Овој образец за евалуација ќе го пополнат сите менторирани кон крајот на Менторската програма, по завршувањето на сесијата за евалуација со менторот. Ве молиме внимателно прочитајте го и пополнете го образецот бидејќи тој ќе се користи задокументацијата на Програмата за менторство и ќе им помогне на другите подобро да го разберат Вашиот процес и што сте научиле од менторското искуство. Ова исто така е единствена можност да разберете како да ја подобрите Програмата за менторство врз основа на Вашето искуство.

Бидете конкретни за да можеме најдобро да разбереме како се одвивал процесот.

**Вашето име, земја:** ____________________

**Датуми на менторскиот процес (датуми на почеток и крај) –** *од 1-от менторски состанок до последниот - тука може да спаѓаат и подготвителни состаноци ако мислите дека биле составен дел од процесот.*

____________________

## А. КОНТЕКСТ

**Контекст во кој проектот е имплементиран:** Ве молиме опишете ги сите контекстуални информации за Вашата работа што можеби ќе треба да се земат предвид при читањето на Вашиот извештај:

## Б. ВАША ОЦЕНКА НА ПРОЦЕСОТ

Ве молиме опишете ги Вашите искуства со менторскиот процес. Кои беа најголемите примени пораки?

| **Колку беше корисна Програмата за менторство за Вашата идна работа?** |
|---|
| ☐ Воопшто не беше корисно ☐ Малку корисно ☐ Користан ☐ Многу корисно<br>Ако сакате, оставете Ваш коментар |
| **Ве молиме оценете ги следните аспекти од Програмата за менторство:** |
| Релевантност на опфатените теми<br>☐ Не е добро ☐ Задоволително ☐ Добра ☐ Многу добро<br>Олеснување од ментори<br>☐ Не е добро ☐ Задоволително ☐ Добра ☐ Многу добро<br>Време резервирано за практични вежби<br>☐ Не е добро ☐ Задоволително ☐ Добра ☐ Многу добро<br>Должината на Менторската програма беше соодветна<br>☐ Не е добро ☐ Задоволително ☐ Добра ☐ Многу добро |
| **Ве молиме наведете го Вашето мислење:** |
| Менторската програма ги зголеми моите надлежности за прашања поврзани со пристапот на жените до правдата и борбата против насилството врз жените.<br>☐ Воопшто не се согласувам ☐ Не се согласувам ☐ Не знам ☐ Се согласувам ☐ Целосно се согласувам<br>Научив нови работи што ќе ги применувам во работата.<br>☐ Воопшто не се согласувам ☐ Не се согласувам ☐ Не знам ☐ Се согласувам ☐ Целосно се согласувам<br>Мотивиран сум да станам ресурс за моите колеги во однос на адресираните прашања.<br>☐ Воопшто не се согласувам ☐ Не се согласувам ☐ Не знам ☐ Се согласувам ☐ Целосно се согласувам<br>Ако сакате, оставете Ваш коментар:<br>☐ Воопшто не се согласувам ☐ Не се согласувам ☐ Не знам ☐ Се согласувам ☐ Целосно се согласувам |

| Ве молиме наведете ги сите теми што мислите дека не биле покриени во Програмата за менторство, но требало да бидат вклучени или на кои требало да се посвети повеќе време: |
|---|
| |

| Дополнителни предлози за подобрувања (како содржина или организација на слични процеси): |
|---|
| |

**Ви благодариме за коментарите!**

Кофинансиран од Европската Унија

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

**Пристап на жените до правда:**
**Спроведување на Истанбулската конвенција и другите европски стандарди за родова еднаквост**

# ОБРАЗЕЦ ЗА КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА МЕНТОРСТВО

**(Анекс 3, за ментори)**

Овој образец за извештај ќе го пополнат сите менторирани кон крајот на Менторската програма, по завршувањето на сесијата за евалуација со менторираните. Ве молиме внимателно прочитајте го и пополнете го образецот бидејќи тој ќе се користи за документацијата на Програмата за менторство и ќе им помогне на другите подобро да го разберат Вашиот процес, како сте ја прилагодиле програмата и што сте научиле од неа. Ова исто така е единствена можност да разберете како да ја подобрите Програмата за менторство врз основа на Вашето искуство.

Бидете конкретни за да можеме најдобро да разбереме како се одвивале процесите и дали сте се соочиле со предизвици со менторираните. Пред да користи материјали од извештајот, Советот на Европа ќе побара од Вас дозвола и ќе Ви дозволи да ги уредите тие делови.

**Вашето име, организација, земја:** ______________________________

______________________________

**Име на менторираните:** ______________________________

**Датуми на менторскиот процес (датуми на почеток и крај) –** *од 1-от менторски состанок до последниот - тука може да спаѓаат и подготвителни состаноци ако мислите дека биле составен дел од процесот.*

______________________________

## A. КОНТЕКСТ

**Контекст во кој проектот е имплементиран:** Ве молиме опишете ги сите контекстуални информации за Вашата работа што можеби ќе треба да се земат предвид при читањето на Вашиот извештај:

## Б. УЧЕСНИЦИ

**Учесници:** Со кого сте работеле?

**Броеви:** Ве молиме дајте ни иформации за менторираните

| Менторирани | Искуство (судија, обвинител) | Вкупен број на состаноци | Главен фокус, опфатени теми |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

## Ц. КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ НА МЕНТОРСТВОТО

**Ве молиме наведете опис на клучните активности во рамките на процесот. Описот треба да содржи:**

- Како и кога се случиле менторските процеси (индивидуални наспроти групни менторски состаноци, искуства со олеснување на менторскиот процес);
- Искуства со методологија и методи;
- Кој е главниот исход на меторскиот процес во однос на промените што ги видовте кај менторираните?

## Д. ПРИСТАП ДО ПРАВДА

**Кои теми се опфатени со процесот и како?**

| | |
|---|---|
| *Предложени сесии во Водичот за менторство:*<br><br>*Обележете ги сесиите кои се одржани во Вашиот процес* | ☐ *Каква врска има „женскиот пристап до правдата“ со мене?*<br>☐ *„Правдата е слепа“ не значи „родово слепа“*<br>☐ *Истражување на бариерите за правда за жените*<br>☐ *Пристап до правда во случаи на насилство врз жените*<br>☐ *Примена на меѓународното право за правата на жените во домашните судови*<br>☐ *Работа со судска пракса*<br>☐ *Што може да се направи за да се елиминираат родовите стереотипи во судските процеси?*<br>☐ *Користење на родово сензитивни практики во реалниот живот*<br>☐ *Затворање, евалуација и следни чекори*<br>☐ *Други истражени теми или области:* |

*Како се осврнавте на различните теми/сесии (избрани погоре)? Какво беше Вашето искуство со различни теми? Ве молиме опишете ги сите модификации што сте ги направиле (на пр., користење на дополнителни материјали, фокусирање на други прашања во рамките на темата итн.).*

*Ве молиме да ни ги дадете оригиналните менторски цели поставени со секој менториран на почетокот на процесот.*

| | |
|---|---|
| *Менториран:* | *Менторски цели:*<br>▸ . . .<br>▸ . . .<br>▸ . . . |
| *Менториран:* | *Менторски цели:*<br>▸ . . .<br>▸ . . .<br>▸ . . . |
| *Менториран:* | *Менторски цели:*<br>▸ . . .<br>▸ . . .<br>▸ . . . |

**Проектот придонесе за подобрување на пристапот до правда за жените на следниов начин/и:**

## Е. РЕЗУЛТАТИ – РЕСУРСИ и ПОТЕШКОТИИ

**Ве молиме, наведете кои сметате дека се најуспешни резултати/влијанија од менторските процеси.**

*Бидете што е можно поконкретни.*

**Колку резултатите кореспондираат со Вашите очекувања и планови?**

*Ве молиме, наведете дали сите Ваши планирани цели се постигнати или не, како и дали имало неочекувани резултати.*

**Дали наидовте на потешкотии во текот на менторскиот процес? Ако да, какви потешкотии? Како ги надминавте?**

*Ве молиме, наведете конкретни примери…*

## Ф. СЛЕНИ ЧЕКОРИ И ОДРЖЛИВОСТ

**Дали планиравте некакво следење на менторските процеси?**

*Ве молиме, спомenete конкретни примери и планови на Вашите менторирани.*

## Г. ЗА ВАС

**Ве молиме, дополнете ги следните реченици:**

Со тоа што бев ментор во оваа програма научив дека….

Најголемата мотивација што ме одржуваше активна во менторството беше…

Она што ми беше најтешко како ментор беше…

Благодарение на менторството, јас…

## Х. ОСТАВЕТЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН КОМЕНТАР

**Ве молиме споделете какви било коментари и/или повратни информации што не одговараат на горенаведените прашања: :**

*Оваа публикација е подготвена со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа*

MKD

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа